08 - 193/1
13 -01- 2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предмет со број 08-4337/1 од 30.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-4337/1 од 30.10.2021 година.

Предметот со број 08-4337/1 од 30.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 08-4337/1 од 30.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ________ во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата ______________ не поднел анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10.2025 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 ст.3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со член 41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 253/23), прекршочната постапка не може да се води ако поминат две

години од денот на последното дејствие на прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот на последното дејствие на прекршокот.

Во конкретниот случај, престанок на функцијата на лицето ________________ како____________________ е на ден 30.07.2021 година и согласно со член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истиот имал обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на престанок на функцијата, односно до 30.08.2021 година, да поднесе анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

**Изготвил:** К.Б, соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Одобрил:** К.З, раководител на сектор
**Согласен:** З.Б. член